СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јуни 1995 година

Скопје, јуни 1995 година

**ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 20-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛОКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.06.1995г**


1. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 14, 37, 38
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 18,19
3. БОЈКОВ ИВАН – 23
4. ДИМОВ ЛАЗАР - 33, 36, 44
5. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 6
6. МИНОВ ПАНЧО - 2, 30, 35, 48, 54
7. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 12, 53
8. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 51
9. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 7, 10
10. РАМАДАНИ ХИСЕН - 50
11. ПЕЦОВ МИРКО - 51
12. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 10
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25, 35, 39
14. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 41, 45, 47, 49, 52
15. ТАИРИ ЏЕЛАЛ - 40
16. ХАСИПИ КЕНАН – 48, 52
17. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 43
18. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 16

дневен ред
точка 7 на стр.2
точка 8 на стр.28 (избор на судии на Врховниот суд)
точка 13 на стр.55
точка 14 на стр.55
точка 15 на стр.56
точка 16 на стр.57
точка 17 на стр.58
точка 18 на стр.58
точка 19 на стр.59
точка 20 на стр.59
точка 21 на стр.60
точка 22 на стр.60
точка 23 на стр.62
точка 24 на стр.62
точка 25 на стр.63
точка 26 на стр.63
точка 27 на стр.64
точка 28 на стр.64
точка 29 на стр.65
точка 30 на стр.65
точка 31 на стр.66
точка 32 на стр.66
точка 33 на стр.67
точка 34 на стр.67


седницата не е завршена

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржано на 14 јуни 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија,сала 1 со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сите пратеници да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Молам, службата да преброи дали имаме кворум за работ

Констатирам дека немаме доволен број пратеници да можеме да почнеме со работа.

Во 11,30 часот ќе се обидеме уште еднаш да утврдиме дали имаме доволен број пратеници.

(Седницата прекина во 10,30 часот, а продолжи во 11,35 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници. Продолжуваме со работа.

Пратениците Горѓи Атанасов, Драгољуб Поповиќ, Живко Јанкуловски, Вељо Тантаров, Славко Котевски, Слободан Најдовски и

Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на **7-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за превоз во патниот сообраќај.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

По однос на Предлогот за донесување на закон за превоз во патниот сообраќај причините не да се исполнети, туку се доцни, мислам дека потребата и причините за донесување на овој закон се неспорни. По основ на основните начела истите се содржани во Предлогот за донесување на закон и се во согласност со Уставот и правниот поредок.

Во својство на известител до Законодавно - правната комисија забелешките и предлозите во однос на изготвувањето на Предлогот на закон се однесуваат на следните работи:

Прво, во членот 7 каде се уредува одобрението за вршење на јавен превоз така наречена лиценца таксативното набројување на условите покрај оние што се неопходни и потребни односно однесувањето на одреден број возила заради гаранција во континуитетот на вршењето на јавниот превоз, обезбедувањето на сервисот за техничка исправност на возилата и паркирање на истите некои од условите се дискутабилни и сметам , а тоа е став и забелешка на ЗПК дека треба да бидат предмет на повторно анализирање и испитување во правец на тоа дали се совпаѓа со определбата за пазарно стопанисување, што е наша основна определба, а се однесува на пример условот што се однесува за таквите претпријатија да имаат депонирано 50 илјади ДМ по возило.

Понатаму, услов да се обезбеди доказ за јавни давачки како и услов да се обврзува односно условува вршењето на меѓународен јавен превоз со претходно вршење од една година внатрешен превоз.

Мислам дека треба како држава и како законодавна власт во регулирањето на оваа многу важна дејност да се задржиме и ограничиме во однос на создавањето на услови за рамноправност на што поголем број на субјекти кои ги исполнуваат основните услови од вршењето на дејноста да бидат и тие услови за вршење на таа дејност да не се прошируваат условите со некои ограничувања и барање на докази од државни органи кои можат да ги ограничуваат правните стопански субјекти во обавувањето напревозничката дејност.

Членот 12 кој се однесува на губењето на правото на одобрението за вршење на јавен превоз на лиценцата, ставот 2, кој го условува еднаш годишно губењето на правото со 3 односно 3 години зависно по кој основ се губи тоа право во тој временски рок да не може од 3 односно 2 години

повторно да се с текнува со одобрени, мислам дека е престрог, ќе го потенцирам тоа дека е забелешка и од ЗПК и сметаме дека има простор за корекција.

По однос на главата што се однесува за внатрешниот јавен превоз меѓумесен превоз на патници членот 14 каде се зборува за органот кој е надлежен за усогласување на линиите и возните редови се определуваме тоа да биде асоцијацијата на стопанствениците односно Стопанската комора, а не како што е во алтернативата тоа да биде Министерството за сообраќај и врски.

Понатаму, во главата за внатрешен јавен превоз содржински се поместени неколку одредби кои се однесуваат за овластувањата на општините и градот Скопје во делот на утврдувањето на бројот на автобуските станици- стојалиштата. Тоа е во меѓумесниот сообраќај.

Во делот на градскиот и приградскиот сообраќај за мрежата на линии, за возните редови, контролата на сообраќајот, инспекцијата, тарифните и наплатните системи и автобуските терминали. Се дава можност општината да биде субјект на основање на јавни претпријатија за вршење на јавен превоз како и за такси станиците.

Наш предлог и забелешка е ова прејудицирано овластување на општините и градот Скопје во делот на меѓумесниот, градскиот и приградскиот сообраќај основањето на јавни претпријатија и такси станици да коинцидира односно да соодветствува и со слични односно идентични одредби за овластување на општините и во претстојниот закон за локалната самоуправа. Само да кажам дека овде се предвидува инспекцијата да биде надлежност на општината и истото треба паралелно да се регулира и во Законот за локалната самоуправа, бидејќи не може да има извршување на сите овие надлежности, ако ја нема контролната функција односно сообраќајната инспекција.

Во меѓународниот јавен сообраќај забелешките се однесуваат на членот 55, тоа е превозот на патници, членот 66 превоз на стоки во меѓународниот јавен сообраќај каде повторно се бара од органот надлежен за сообраќај и врски односно Министерството дозвола за вршење на овие дејности кога веќе однапред во основните одредби се кажува дека за вршење на меѓународен јавен патен сообраќај и внатрешен јавен сообраќај се бара за вршење на тие дејности одобрени односно лиценца . Овде се повторува на таквото одобрение дозвола дава надлежниот орган односно Министерството аз сообраќај и врски.

Понатаму, распределбата на дозволи за меѓународен јавен сообраќај се регулира да ја врши Министерството за сообраќај и врски, мислиме и тоа е предлог и забелешка на ЗПК во функција на растоварување на државата од такви овластувања, по природно е посоодветствува на пазарното поставување за вршење на оваа дејност, прашањето на распределба на дозволи во меѓународен јавен превоз да ја врши Асоцијацијата на стопанственици и превозници, а тоа е отсекот за сообраќај во Стопанската комора.

На крајот една начелна забелешка да се прецизира наместо "орган за сообраќај" да стои "Министерството за сообраќај и врски" и едно лично упатување кое се однесува за превисоката казнена политика во казнените одредби од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Лазаров.

I/6.-

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Предлогот за донесување закон за превоз во патниот сообраќај го поддржувам и ценам дека текстот што е предложен претставува добра основа за изградба на еден добар, современ и солиден закон. Во тој поглед сакам да искажам неколку свои видувања од првото читање на овој текст.

Прво, ценам дека оној оддел за такси службата не е доволно регулиран и од тоа произлегува дека секој може да се бави со такси служба без никакви критериуми. Ова особено се однесува на возилата , староста на возилата, техничката исправност. Ако денеска погледнеме низ нашите градови в" видиме дека такси служба вршат лица кои поседуваат возило постаро од 25 години. Мислам дека во сите земји има некое ограничување на ова да се добие во квалитет односно возилата кои се во такси службата да бидат барем до одреден максимум на старост. Колку е тоа нека размисли Министерството дали треба да се предвиди. Потоа формирањето на овие такси здруженија воопшто не е дотакнато и мислам дека со некој член тоа треба да се регулира.

Околу автобускиот сообраќај некои негативни појави кои се присутни и денеска не се регулирани и не се опфатени со овој закон. Ќе наведам само два примери. Денеска е редовна појава автобуската станица во одредено место која обично е во сопственост на превозникот од тоа место да го објавува возниот ред и да врши продажба на билети и многу често на таблите каде се објавува редоследот на возењето не ги става другите превозници и не продава билети за другите превозници односно не кажува дека има и други превозници. Тоа мора да се

регулира и да се каже дека секој патник да добие билет за оној автобус за кој сака и за она време , а не за оној кој го продава билетот односно за превозникот од местото од кое се купува билетот.

Настануваат доста забуни и околу средствата кои ги собира автобуската станица односно превозникот во чија сопственост е автобуската станица и не постои никаква регулатива во кој рок тој е должен да ги префрли средствата на превозникот кој го врши превоз.

Уште една забелешка околу инспекцијата. Предвидено е дека инспектори можат да бидат сообраќајни инженери или правници, со оглед дека се бара одредена. стручност постојат одредени терминологии за техничка исправност, се сомневам дека еден правник може да биде успешен контролор. Еве , нека се размисли уште малку за овие прашања, мислам дека може да биде еден добар закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, мислам дека Предлогот на законот е потребен и треба како таков да го прифатиме и да го усвоиме, меѓутоа, имам доста забелешки на овој Предлог закон што сметам дека Владата во пречистениот текст односно при донесувањето да има предвид и тие забелешки, на некој начин, да се прифатат.

Мислам дека со овој закон стопанството на Македонија во сообраќајот е ограничено и обесправено од другите стопански области. Зошто? Секое претпријатие може да се оснива со минимални средства додека во член 7 од овој закон се предвидува 50 илјади ДМ да има вложено односно депонирано средства во некоја банка превозникот по секое возило. Да ја направиме сметката едно претпријатие кое има 300 возила по 50 илјади ДМ денарска противвредност тоа е некаде околу 15 милиони ДМ . Дали може транспортното стопанство да поднесе вакви трошоци. Дали ќе бидеме конкурентно способни за меѓународниот превоз на патници и стока? Сигурно не. Денеска користиме застарени возила повеќе од 10 години, некаде 13 години на кои вредноста им е отпишана односно сега продажната вредност која изнесува од 20 до 40 илјади ДМ, а треба да се вложат 50 илјади ДМ. Значи, превозникот треба да купи 2 возила за македонското стопанство, а другите во Европа едно возило. Не сме конкурентни, не сме способни. Имателите на стоката гледаат кој ќе понуди пониска цена не земајќи ги предвид трошоците на превозникот. Мислам дека тоа треба да се измени.

Давањето на лиценца за другите гранки од стопанството не постои. Да речеме за надворешно трговските работи да има кадри да има опременост, не постои додека за транспортот постои некое ограничување со што се обременува државната администрација. Од тоа нема да има некоја корист, па да видиме во светот како се добиваат документите па да ги анализираме па и ние да ги прифатиме и донесеме.

Исто така користењето на автобускиот односно линискиот превоз и со законот е превидено, а и поранешните закони автобусот мора да сврати на автобуската станица, а сопственикот на автобуската станица издава билети за превоз на патници и ги собира средствата.

I/9.-

Кога ќе ги врати на транспортот средствата кога знаеме дека и онака транспортерите се сиромаси, а средствата ќе бидат ангажирани повеќе време тоа го знаеме од досегашното искуство.

Понатаму, предвидено е секој транспортер да има најмалку две возила во својот парк, да има паркиралиште, опрема. Меѓутоа, не е доволно прецизирано како да има здружување на повеќе транспортери во една организација заради по успешно вршење на меѓународниот транспорт. Тоа во законот треба да се доработи.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Со овие забелешки мислам Владата треба да ги има предвид и да се прочисти и на наредна седница да се донесе. Потребен е таков закон, меѓутоа со овие одредби ние нема да можеме да го прошириме транспортниот сообраќај, туку напротив, со закон може да дојде и до уништување на транспортот, нема да можеме да ги извршуваме, транспортните организации нема да можат да ја извршуваат таа функција за која се наменети и нема да можат да ги користат капацитетите и онака застарени, што ги имаме, капацитети.

Убеден сум дека Владата на сите овие кои што не одговараат на денешниот степен на развој на нашето стопанство во транспортот дека ќе преземе мерки и ќе ги отстрани, па овој закон нема да биде статитчки, постојан, па ако треба за некоја година ќе го промениме, ќе го дополниме, ќе го измениме во оној степен на развој кога стопанството ќе може да ги совлада сите овие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре. Причините за донесување на овој закон навистина се неспорни поради тоа што оваа проблематика е од таков витален карактер за една држава што според тежината на законот, можам да кажам дека претставува навистина системски закон за Република Македонија.

Надградувајќи се на ова мое тврдење констатирам дека оваа проблематика досега беше регулирана со Сојузен закон кој што со

II/2.-

Уставниот закон го презедовме како наш, македонски закон но сепак со заложбите на Министерството за сообраќај со една долга подготовка на стручњаци од тоа Министерство дојдовме до овој почетен текст на овој закон, автохтоно, македонски кој е граден по едни европски теркови на овие закони. Веќе неколку ратификации на спогодби за друмски сообраќај имаме ратификувано од ова Собрание, така што неспорноста од донесување на овој закон е уште поголема затоа што овој систем на транспорт се надоврзува со овој закон, со сите тие спогодби што се ратификуваат помеѓу Република Македонија и сите земји кои тоа взаемно со Република Македонија ќе ги ратификуваат.

Како што кажав, законот е граден по европски теркови, европски критериуми и сите тие норми на организирање на оваа дејност се вметнати во овој закон. За поздравување се некои новини кои сега, во постојниов систем тие норми на дејствување на одредени форми во ова сообраќајно стопанство ги имаат одредени асоцијации, како и одредени форми во ингеренции на Комората. Со овој закон се предвидуваат да одат во Министерството за сообраќај, што мислам дека е една правилна ориентација затоа што навистина се од таков карактер што мора државата да ги има во свои ингеренции.

Ценам дека итноста од донесување на оваков закон е навистина преголема во овој момент, затоа што од една страна обемот на стопанските организации што се под директна ингеренција на овој закон е преголема, обемот на општествениот доход што се создава од овие организации е голем, така што и одредена законска регулатива ќе мора да постои во Република Македонија. Нормално, но и за жал таа сива економија во Република Македонија токму во оваа гранка е и најразвиен, што мислам дека со овој закон се сака на таа сива

економија во оваа област да се стави крај, така што уште еднаш повторувам навистина оваа дискусија по Предлогот за донесуваше, сите овие дискусии, нормално и сугестии што Министерството ќе ги прими со одредени минимални дотерувања, да речам онаа најминимална шминка, најнеопходна, во најскоро време ќе излезе пред ова Собрание со Предлог на закон, во што поскоро време оваа проблематика законски да ја дорегулираме со донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Сакам да кажам пред се дека е добро да се донесе овој законски проект и во нашата држава да се регулираат односите што многу години понапред, бидејќи јас работев некое време во автотранспортот, без ред се обавуваше сообраќајот, но овде сега не сакам да дискутирам многу по тие проблеми. Но, на една клучна точка на законот, на една новина ќе се задржам сакам да укажам, мислејќи дека таква работа не може да биде содржана во овој закон. Се работи за издавање лиценца за вршење на превоз во патниот сообраќај.

Во членот 7, во алинеја 2, став 1 е предвидено дека како доказ фирмите треба да имаат депонирано на сметката во банка сопствени средства во висина од најмалку 50 иљјади ДМ во денарска противвредност по возило. Во став 1 во алинеја прва се предвидени услови колку возила треба да има за да може да се врши превоз во патниот сообраќај, било да е автобуси или камиони. Меѓутоа, во преодните и завршни одредби е предвидено дека сите постојни правни и

физички лица кои вршат превоз во патниот сообраќај се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Што тоа значи? Ако тргнеме дека еден ЈУГ "Турист" од Куманово, една "Пелагонија - турист" од Битола или Кочани, да не ги набројувам, фирмите кои поседуваат по 200-300 возила во транспортот по овој закон произлегува дека и тие треба во овој рок да се усогласат и произлегува и не е исклучено постојните фирми да се здобијат со лиценца за вршење на превоз во патниот сообраќај. Ако е тоа така, дали е воопшто можно овие фирми што имаат по 200-300 возила да вложат на сметка по 50 илјади ДМ, ако е така интенцијата на законот, бидејќи во образложението на законот токму на оваа одредба нема ништо дадено. Дали е можно некој 15 милиони ДМ од нашите фирми или 10 милиони ДМ да вложи на посебна сметка и зошто да ги вложи? Како ќе ги чува тие средства итн. и за што ќе се наменат? Јас не да не знам, слушнав во јавноста зошто се коментира и зошто тие треба да бидат наменети. Но, навистина, за таква работа тие не треба да бидат наменети и нивната сврха би била промашена. Нашите претпријатија, ако дословно се примени овој закон, оваа одредба како што е сега дадена, да ги процениме и да ги продадеме толку тие вредат. Значи, едноставно или ќе треба да ги дадеме на државата, таа да стане сопственик.

Од тие причини овој член во идните расправи, во определувањата кога ќе треба да се изготви конечниот текст, навистина најсериозно треба да се разгледа. Плус од тоа, нормално ако се земе понатаму формирање нови фирми, се прави ограничувачко право и овој закон веднаш доаѓа во колизија со самиот Устав, бидејќи се ограничува дејноста со која можат да се занимаваат одредени стопански субјекти.

Второ, спротивно е на Законот за трговските друштва каде што предвидуваме лимит за формирање одредена фирма од 10 илјади ДМ. Овде практично се предвидува и втор услов со специјален закон за превоз на патниот сообраќај од 50 илјади ДМ, така што и од оваа причина не може да држи ваквата одредба во овој законски текст.

Сите овие факти, сугестии и реакции од јавноста и превозници и транспортери, барем оние што досега стигнаа, ме наведоа да излезам и навистина да се заложам ваквата одредба да биде укината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Го делам мислењето со претходните дискутанти, мои колеги, во поглед на потребата од донесување на овој закон за превоз во патниот сообраќај, посебно образложувајќи го ова со присуство на денешната доста неповолна состојба во оваа област што е резултат на постоење на сојузни и републички закони во оваа област што го немаат оној квалитет што овој закон го нуди. Сметам дека со овој Предлог на закон се нуди и се прави еден доста успешен обид за еден квалитетен приод во поглед на регулирање на оваа област, а посебно, за разлика од поранешните закони, со што се дава можност за создавање услови за сигурен, траен, ефикасен и економичен превоз во сообраќајот.

Во поглед на содржината на законот би сакал да изнесам одредени свои мислења. Добро е и ја давам мојата поддршка, бидејќи сметам дека е оправдано што во законот е нормирано, се дава можност на

општините, тоа е нормирано во законот, се дава можност општината и градот Скопје да формираат јавни претпријатија за превоз во сообраќајот, посебно за линискиот, значи градскиот и надвор од градот. Значи, општината ќе има добри можности она што претставува секојдневен проблем на граѓаните во општината, а тоа е регулирање на сообраќајот, самите во зависност од потребите и можностите, преку формирање на тоа јавно претпријатие, преку одредени овластувања да создаваат услови и да водат политика во поглед на градскиот и приградскиот превоз.

Во поглед на варијантите и алтернативите, предлагам алтернативата на член 14 да отпадне каде е предвидено административно да се даваат овие дозволи. Сепак мислам дека Стопанската комора е институција каде што превозниците од оваа дејност имаат можност и начин, нормално со одредена политика на надлежниот републички орган, во зависност од потребите, од степенот на развој на одредени превозници и претпријатија да се договорат квалитетно за возните линии, за добивање. Сметам дека членот 14 треба да остане а алтернативата да отпадне, како што е сега случај, а не да биде тоа право на надлежниот управен орган.

Во однос на тоа се надоврзува алтернативата на член 15 да отпадне, односно членот 15 да остане.

Имам одредени забелешки и размислувања во однос на членот 7 каде е ограничен бројот на возила, да има најмалку 2. Овој член 7 е поврзан и во ставот 2 со износот на средства потребни за едно возило 50 илјади ДМ.

Овде беа дадени доста квалитетни образложенија и не би сакал да ги повторувам што значи и колкава е можноста за едно возило да се обезбедат 50 илјади ДМ. Не знам дали има фирма во нашава држава

која има таква финансиска моќ да може да го обезбеди овој износ за добивање таква лиценца. Да не наведувам примери на фирми со 200-300-100 возила. Мислам дека е тоа премногу нешто што е тешко да се оствари. Се согласувам да има одредена гаранција во поглед на депонирање средства, бидејќи тоа значи сигурност аз обесштетување и ред други работи потребни за корисниците на превозот. Сум за износот кој стои во Законот за трговски друштва 10 илјади ДМ, нешто со што не би требало однапред да се биде кочница, а на некој начин претставува сигурност за корисниците на превозот во поглед на одредени обесштетувања и ред други работи.

Со ограничување на бројот на возила, минимум 2, мислам дека голем број на граѓани кои како резултат на оваа превозничка дејност и имање сопствено возило прехрануваат 1-2 фамилии, со давање на поголем број, односно две возила веќе не можат да ја обавуваат оваа дејност ако имаат едно возило и со тоа значи нивна неможност да можат да создаваат услови за едно поквалитетно живеење Мислам дека не е голема разликата и која е причината зошто две а не едно, односно не пет, 10 или повеќе. Барем овде го нема тоа потребно образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, морам да повторам дел од излагање на пратениците, бидејќи ова е доста сериозен проблем.

Законот како закон, навистина е потребен и една хаотична состојба се обидува да ја регулира и најверојатно ќе ја регулира. Меѓутоа, со

оглед на тоа што е прва фаза во донесување на законот, предлагачот има време да размисли за сите овие забелешки, бидејќи и овој закон, како и многу други, е доста рестриктивен. Постојано зборуваме дека треба да дојде до самовработување во услови на стечај, во услови на отпуштање работници дека треба сами да го решаваат проблемот на своето вработување. Меѓутоа, во овој закон и во некои други акти постојано се нудат некои цензуси, лимити, така што можноста за самовработување се ограничува се повеќе и повеќе. Се донесе едно претходно упатство со кое не може никој да регистрира деловен простор, имаме во прва фаза Закон за трговски друштва кој што нуди доста тешки цензуси и овој Закон има одредени тешки цензуси. Видовме што се случува со цензусите за вршење адвокатска дејност и некои други дејности, така што мислам дека предлагачот треба сериозно да размисли за намалување на овие цензуси.

Со овој закон, како и со многу други, одиме од една крајност во друга, од една лабава, хаотична ситуација каде што секој може се да врши, одиме, со намера да се воведе ред во одредена област, се оди во сосема друга крајност, како што се лимитите што ги спомнав, обврската за денарска противвредност од 50 илјади ДМ, ова што го кажа Беличев дека мора минимум две возила и тн., така што сметам дека предлагачот треба сите овие забелешки сериозно да ги размисли и да ја согледа севкупната состојба, општествена, односно економска во која се наоѓа нашата држава и сите овие услови, така што со овие закони и со другите треба да се прошири можноста за вработување, самовработување, а не да се ограничува или стеснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бузлевски, министер за сообраќај.

II/9.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Оценката на состојбите што произлегуваат од досегашните закони е мошне неповолна. Ваквата оценка може да се илустрира со извршени анализи на состојби во оваа област на стопанството од аспект на:

- искористеноста на превозните капацитети;
- неповолна старосна структура на возниот парк и објектите за одржување на истиот;
- ниското ниво на дисциплина во однос на извршување на дејноста;
- отсуство на развојната компонента и други елементи што ја потврдуваат вака претходно искажаната оценка.

Начелата што важеа за постојната законска регулатива која што е одамна донесена беа: да се изврши дерегулација на законските решенија и либерализација на условите за вршење на превоз и тие начела не ги дадоа очекуваните ефекти како во поглед на економскиот интерес на превозниците, така и за заштита на интересот и безбедноста на корисниците.

Имено, таквата законска регулатива доведе до влошување на организацијата на превозот, се намали квалитетот на услугите, не придонесе за намалување на цената на услугите, значително се намали безбедноста во сообраќајот, опадна нивото на почитување на законитоста и дисциплината од страна на превозниците во извршување на превозот, односно со други зборови во превозот на патници и стока се создаде соодветен неред.

Токму затоа и токму поради тоа основна цел за донесување на овој закон е да се надминат овие претходно искажани констатации и да се создадат услови за сигурен, траен, ефикасен и економичен превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (продолжение)

Со оглед на значењето што го има овој вид на сообраќај за целокупното стопанство како и за животот и работата на граѓаните работењето на субјектите во оваа област не смее да се препушти исклучиво на дејствување на пазарните законитости и интересите на превозниците, туку водејќи сметка на специфичностите на оваа дејност, државата треба да пропише минимум правила на однесување заради организирано и безбедно вршење на превозот во патниот сообраќај. Такви определби се присутни и во компаративно извршената анализа во законската регулатива која што е важечка во многу други земји со кои ние успеваме во последно време да ги интензивираме активностите и со тие земји да обезбедиме потпишување на спогодби за одвивање на овој и ваков вид на превоз.

Со задоволство можам да информирам дека со доста земји имаме разрешено овие меѓусебни односи за вршење на овој и ваков превоз и на билатерална основа имаме постигнато завидни резултати по тој план, освен со досега не успеваме, за нормално и ефикасно одвивање на транспортот, да обезбедиме, освен дозволи кои се универзални кои се многу погодни за одвивање на сообраќајот и транспортот.

Штом овие принципи важат за овие земји за одвивање на ваков вид сообраќај важат и многу конвенции и меѓународни договори, нормално беше во определбата за изработка на овој закон да прифатиме обврски кои ќе бидат во функција за безбедноста на одвивање на сообраќајот и која безбедност ќе ја гарантираат и на транспортерите кои вршат превоз на стока и патници во нашата земја, за нашата земја или преку нашата земја.

III/2.-

Затоа со предлогот за донесување на законот за превоз во патниот сообраќај се уредуваат условите и начинот на превозот дадени се прецизни дефиниции во поглед на одделни видови на превоз, како и други дефиниции кои употребуваат во овој закон со што се овозможува овој Закон да биде поедноставен и на овој Закон да се најде со поголема спремност во неговата реализација.

Овој закон во себе содржи и неколку новини. Основна новина која се предлага, во однос на досегашното законодавство, претставува воведување на издавање на одобрение за вршење превоз во патниот сообраќај. Тоа се тие лиценци кои се регулирани со член 7 од Законот, а за добивање на кој што се пропишани соодветни услови.

Јас со внимание ги слушав забелешките што овде беа дадени и кои во основа беа насочени на овој член од Законот. Во нашата понатамошна елаборација тие забелешки ќе наидат на соодветно место, соодветно акцептирање на се оние што овде беше дадено во вид на образложение за условите кои важат за издавање на лиценци. Нив ние посебно ќе ги анализираме. Но, едно е сигурно, а тоа е обезбедување некој вид гаранција за квалитетно, сигурно, ефикасно и безбедно реализирање на превозот на стока и патници, мора да се обезбеди. Дали тоа ќе биде со овие лимити, дали ќе биде на ваков начин како што е предвидено во законот, или ќе се определиме на некоја друга варијанта за обезбедување на гаранција, на пример банкарска гаранција која што во себе нема да содржи големи издатоци во поглед на издвојување или имобилизација на готовински тек и издвојување на тој тек од нормалното продуцирање на дејноста, ние за тоа дополнително ќе се ангажираме и за тоа соодветни решенија во Предлогот на закон ќе понудиме.

III/3.-

Друга новина која е предвиенеа во овој Закон е начинот на регулирање на градскиот, приградскиот и автотакси превозот на патници. Со оглед на тоа што градскиот и приградскиот превоз на патници претставува незаменлив услов за животот и работата која граѓаните и стопанството со Законот е пропишана обврска за општините. односно градот Скопје со поблизок пропис да го уредат вршењето на градскиот и приградскиот сообраќај. Притоа се предвидува овој вид на превоз да го вршат претпријатија кои мора да ги исполнуваат и покрај пропишаните општи услови предвидени со член 7 и дополнителни услови за добивање на лиценца за вршење на овој вид превоз. Сметаме дека тоа не е рестриктивен однос кон таа дејност. Напротив, сметаме дека тоа во себе ја содржи сериозноста за извршување на таа дејност. Затоа кај автотакси превозот на патници според одредбите на овој Закон предвидено е да се врши со нормативи кои се вградени во Законот, во поглед на големината на автомобилот и други услови кои од надлежност на градот или општините, по оценка на градот или општините ќе се пропишат со посебен пропис кој според наше очекување треба да обезбеди квалитетно одвивање и на тој вид сообраќај и во нашава држава.

За разлика од досегашниот закон , или ако сакате и закон со кој беше регулиран превозот само од внатрешниот сообраќај со овој Законот целосно се регулира и превозот во меѓународниот сообраќај а кој до сега беше регулиран, како што е познато со прописи на бивша Југославија кои со Уставниот закон се применуваат се уште во нашата држава.

Утврдено е дека за меѓународниот превоз во патниот сообраќај покрај одредбите од овој закон се применуваат и меѓународни договори, оние или онакви како што спомнав во претходната елаборација за превозот на стока.

III/4.-

Што се однесува до превозот на патници, со одредбите од законот е предвидено дека истиот може да се врши како линиски превоз, меѓутоа може да се врши како вон линиски превоз. Тука за да може еден превозник да врши меѓународен превоз на патници потребно е да има соодветна дозвола за превоз која со одредбите на овој Закон а по барање на заинтересираниот превозник да издава републички орган на управата надлежен за работите на сообраќајот. Ова и досега се правеше. Оттаму не значи дека на овој план имаме додатна рестриктивна мерка, бидејќи таквите дозволи се потребни не за да му се даде да ја обавува дејноста во нашата држава туку таа дозвола се бара за одвивање на превозот во државата која е крајна дестилација за реализирање на тој превоз.

Со Законот е пропишано дека странскиот превозник не може да врши каботажа на територија на РМ. Таквото решение е предвидено со цел да се заштитат домашните превозници. Меѓутоа со Законот е предвидено во одредени случаи и во основа на посебна дозвола и под посебни услови да може странски превозник да врши и каботажа на територијата на РМ.

Во Законот исто така се вградени и доста новини кои се преземени како обврска со оние меѓународни договори кои ги спомнав.

Наша оценка е дека овој предлог за донесување на закон е доволна основа да се потврди потребата од носење на ваков закон, а овој Законот кој е денес во расправа со забелешките што по него се дадени, ние ќе се обидеме да го преточиме во закон кој ќе ги модернизира состојбите во оваа сфера.

III/5.-

**ИВАН БОЈКОВ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници,

Се извинувам што земам збор после излагањето на министерот но не очекував да се јават повеќе дискутанти, бидејќи е логично министерот да ги сумира дискусиите и забелешките и да се произнесе по нив.

Неспорна е потребата за донесување на еден ваков закон бидејќи факт е дека сообраќајот е крвоток на секоја држава, а особено на нашава во ситуацијата каква што беше и во која што сме, со присутните блокади каде што во еден одреден период патниот сообраќај беше единствен влез и излез кон светот.

Причините во Предлогот на законот се добро образложени, меѓутоа во сообраќајот овие години преживеавме многу непријатности, неповолни состојби, па би рекол и импровизации, бидејќи создаваме држава со нерешени меѓународни договори за превоз во патниот сообраќај но со максимално залагање на превозниците, бидејќи факт е дека нашите возачи во едни такви состојби на блокади и не решение меѓудржавни договори со дозволи, мораат да чекаат на неколку граници за да влезат и излезат од нашата земја дури по 7-8 на една граница.

Со максимално залагање на асоцијациите во сообраќајот, на Министерското за сообраќај и Комората, основната дејност сообраќајот во ова време ја изврши, се овозможи проток на стоки и патници во двата правци.

Јас ги прифаќам поголемиот број на забелешките дадени во Предлог законот, особено во оние освен ЗПК и на другите колеги, но едно се сигурно: треба да обезбедиме сигурен сообраќај во интерес на граѓаните и стопанските субјекти да не се губи она основното, времето за довоз и одвоз на стоката, бидејќи тука е нашата најголема болка, нашиот производ заостанува неконкурентен на Европските пазари доколку

факторот време не се искористи поволно.

Факт е дека нашата земја по својата големина е прегрупирана со превозни капацитети, Имаме огромен дел капацитети за една мала земја. Нашите капацитети беа димензионирани за едно друго време и за една друга држава каде што македонските превозници навистина претставуваат голем процент во вкупниот транспорт во бивша Југославија. Најлошото е тоа што старосната структура на капацитетите е катастрофална. Тоа е познато и навистина треба да се преземаат рестриктивни мерки, иако рестрикцијата сама по себе ќе се изврши со прописите што во Европа се усвојуваат и тој веќе почнуваат да стапуваат во сила.

Во оваа ситуација каква беше и каква е превозничката дејност беше сфатена како можност за брзо збогатување. Со 1, 2, 3, крајно стари возила кои ќе се купеа, се работеше, се наплаќање во готово, данок се прекриваше и доаѓање до богатење. Такви интенции постојат се уште. Сите знаеме дека сите тие што почнаа на таков начин веќе создаваат капитал а државата ја осиромашија со својот дел, притоа не водејки сметка за гаранцијата за превозот на луѓето, за гаранцијата за превозот на стоката, бидејќи гаранција мора да има. Дали таа ќе бидеа ваква или таква, висината на гаранцијата е дискутабилна, затоа ќе се договараме, меѓутоа факт е дека гаранција мора да се утврди. Тоа го кажа министерот.

Значи имаме потреба, причина и шан са добро да ги регулираме односите во превозот имаме шанса да направиме квалитетен закон со добри решенија, да не заборавиме ние веќе со сообраќајот сме влезени во Европа и во Европската унија, што е и наша крајна цел.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, со оглед дека донесуваме предлог за донесување на закон сметам дека сите сугестии и размислувања ќе бидат корисни за да добиеме навистина што поквалитетен закон во една сфера која сите не интересира. Се разбира најповеќе ги интересира оние кои директно остваруваат доходот таа дејност меѓутоа нема дејност во која не е застапен превозот како субјект во производството.

Добро беа елаборирани повеќе работи во кои треба да се обрне поголемо внимание. Потполно сум усогласен дека не треба сами да си ги врзиме рацете за и онака не конкурентното стопанство на Европските пазари да го направиме уште неконкурентно, со тоа што ќе ги зголемиме трошоците на оние претпријатија. Мислам дека тука Министерството ќе има разбирање и ќе прифати корисни сугестии

Втора работа за која сакам да продискутирам е оној депозит или минимален цензус. Тоа е една работа за која треба да размислиме. Во која смисла?

Јас не сум сигурен дека ако се депонираат 50 иљјади ДМ за едно возило дека се тоа мојата сигурност или на нас како патници или на стоката ќе биде гарантирана. Гаранција за квалитет во превозот ќе биде техничката испраност на возилата, рокот на производство, потеклото, па ако сакате и моделите на возила се кој можеме да бидеме конкурентни и сигурни дека ќе имаме квалитетен превоз до крајните дестинации.

Исто така, во Законот воопшто не е појаснет бонитетот или намената на овие средства, бидејќи и во услови овој закон да обезбеди еден ваков минимален цензус се работи за огромни средства што мора

да се појасни каде тие средства ќе бидат депонирани, во која намена, која е гаранцијата, недајбоже ако со овие средства размислуваше за обесштетување на превозниците. Јас би бил посреќен кога дел од тие средства би биле наменети кон осовременување на возниот парк и патниот и товарниот за да бидеме сигурни дека ќе можеме во Европа да испраќаме квалитетни возила, не да не ги исфрлаат од сообраќај, не да мораме, покрај другото што го изнесе и колегата Бојков како еден кај аргумент, меѓутоа стои аргументот дека честопати подмитувањата, потценувањата и понижувањата ги трпиме затоа што ризикуваме многу квалитетни стоки па ги испраќаме со не соодветни возила. Заради тоа мораме на некој начин свесно на возачите да им предвидуваме одредена сума на пари за да можат да стигнат во крајната дестинација.

Се се тоа елементи кои мораме да ги одмислиме и со она што контролата треба да биде тука кај нас, во појдовните пунктови да бидеме сигурни дека и тие возила исправни ќе ни се вратач назад. Инаку секоја рестрикција носи и опасност да биде бумеранг. Едни такви средства може да придонесат интересот на некој стран фактот да биде реализиран преку некој си Томе, некој Бојков, некој Јанко итн. за да може да функционира тој пункт. Сигурно дека интенцијата на Законот не е тоа.

Го прифаќам образложението на министерот дека е фаворизирање, зајакнување и права конкурентност на нашите сообраќајни претпријатие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

III/9.-

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за превоз на патниот сообраќај.

2.Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата во расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за сообраќај и врски.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува ? (никој)

Констатирам дека Собранието го Усвои предложениот заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 8** - Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени однос- но поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Љиљана Ингилизова - Ристова да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (1)

Констатирам дека Љилјана Ингилизова - Ристова е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот Јован Калајлиоски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Јован Калајлиоски е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот Виолета Јосифова да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Виолета Јосифова е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот Фатон Пачуку да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против?(никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Фатон Пачуку е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Констатирам дека за судии на Врховниот суд на Република Македонија се избрани Лилјана Ингилизова - Ристова, Јован Калајлиоски, Виолета Јосифова и Фатон Пачуку.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на **<u>точката 9</u>** - <u>Барање на општинскиот суд Скопје II - Скопје, за давање одобрение за водење на кривична постапка против Ристо Маринчески, судија на Окружниот стопански суд во Скопје.</u>

Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања предлага пред да се произнесеме по барањата на одделни судови за давање одобрение за водење на кривична постапка против одделни судии Собранието да заземе начелен став за обемот и содржината на имунитетот на пратениците и судиите утврдени со Уставот.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага Собранието да одлучува не само за давања одобрување за притвор, туку и за водење на кривична постапка против пратеници и

судии односно согласно Уставот воспоставува имунитет на пратениците и судиите не само за притвор туку и за водење на кривична постапка.

Извештајот на Комисијата со предлогот на заклучокот по ова претходно прашање Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот на заклучокот на Комисијата.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања расправајќи за барањата за водење односно добивање одобренија за водење на кривична постапка против Ристо Маринчевски од Општинскиот суд Скопје II, како и по другите случаи во заземањето на конкретното изјаснување за потврдување односно симнување на имунитетот со останатите значи и за водење односно н еводење на кривична постапка за односните судии имаше во неколку наврати свои седници дилема по однос на прашањето за опсегот и содржината на имунитетот на судиите. Во врска со овој имунитет, регулиран во членот 100 став 1 и 2, аналогно на членот 64 ставовите 1,2, 3 и 4 кои се однесуваат и на имунитетот на пратениците Недефинираноста на тоа кој е обемот и содржината на имунитетот на пратениците во врска со тој имунитет и со имунитетот на судиите според член 10 0 став 1 и 2, по прашањето на што се однесува тој имунитет, дали се однесува само на водењето односно давање одобрение пред преземање на мерката притвор за кривични дела кои се со казна затвор до пет години, бидејќи ставот 3 од членот 64 на Уставот на Република Македонија, кои се однесува на пратеничкиот имунитет, аналогно на тоа и на судскиот имунитет регулира дека за мерката притвор не се бара одобрение. Во случајот се работи за кривично дело со предвидена казна над 5 години затекнато на лице место.

IV/4.-

Оваа дилема ни создаде една обврска како Комисија да извршиме консултации со надлежните судски институции, со претставници од правниот факултет и со Министерството за правда. Врз основа на сите тие консултации и размена на мислења што произлегоа од недефинираноста точно за што содржина и опсег се работи од уставните одредби за имунитетот на судиите и на пратениците, како и изразеното мнозинство од членовите на Комисијата произлезе наш предлог кој го предлагаме за одлучување на Собранието. Се работи за т.н. целосен имунитет односно дека имунитетот се однесува како на отпочнувањето на кривичната постапка, на водењето на кривичната постапка што значи на целокупниот тек на истата, така на и на мерката притвор. Ова е согласност и со сознание компаративни во регулирањето на истото имунитетско право во уставите на други развиени парламентарни држави.

Сметаме дека определбата за нашиот предлог, за одлучување на Собранието за т.н. целосен имунитет се поткрепува со образложението и објаснувањето дека за имунитетот Уставот на Република Македонија, компаративно и на другите устави со развиена парламентарна демократија, во мнозинство е определен за оваа гаранција, имунитетно заштита на функциите, конкретно пратеници и судии, а се однесува и за другите функции од извршната власт и претседателот на Републиката тргнувајќи од значењето на, конкретно судските органи, а истото, се однесува и за парламентот како законодавна власт и пратениците како членови на тоа законодавно тело, се тргнува од таму да тие членови на законодавното тело и судиите се обезбедат во вакви случаи со една гаранција што им ја дава уставот за пред отпочнување на прилична постапка против нив или спроведување и примена на мерката притвор за тоа да одлучи Собранието од аспект на тоа не да тие бидат ослободени од некоја; кривична одговорност, тоа во никаков случај не значи не од аспект на Комисијата, визави Комисијата како матично тело и предлагач

на Собранието, а и Собранието кое е надлежен орган да одлучува за имунитетот на судиите и пратениците да биде истражен орган и да преиспитува одредени доказни материјали и одредени постапки по кривични предмети на односни случаи на судии и пратеници, туку од аспект на тоа заштитно право тргнувајќи од значењето, улогата и функцијата што судските органи и парламентот како законодавно тело ја имаат и визави таа нивна функција и улога и членовите на тие судски органи и членовите на законодавното тело како една заштита. Повторувам, не се работи за ослободуваше од кривична одговорност туку се работи за едно претходно одлучување со одобрение за потврдување или симнување на имунитетот што ќе значи оценка за тоа дали односните субјекти од аспект на работата, од аспект на улогата и функцијата што ја имаат судските органи и парламентот како законодавно тело се одобрува, односно не се одобрува водење на кривична постапка против нив.

Од аспект на ваквото образложение во рамките на оваа прва точка на барање на одобрение за водење на кривична постапка Комисијата одлучи да му предложи на Собранието една позитивна конотација на тоа кој е отсекот и содржината на имунитетните права, конкретно на судиите со определба дека тоа се однесува како на отпочнување и водење на кривична постапка така и на мерката притвор. визави исходот од одлучувањето на Собранието, тој начелен став што треба да го донесе Собранието како надлежен орган определен според Уставот, такво застапување и таква понатамошна работа ќе следи и за конкретниот случај за барање одобрение за судијата Ристо Аринчевски како и за другите случаи кои се утврдени како точки од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој друг бара збор?

Има збор г-динот Лазар Димов.

IV/6.-

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претседателот на Комисијата за имунитет спомна за сите дилеми со кои ние во Комисијата се најдовме во врска со одлучувањето и во врска со толкувањето на член 64 од Уставот на Република Македонија, а притоа играше улога и член 10 0 каде што судиите и членовите се подредуваа по член 64 од овој Устав.

Овде истакна претседателот на Комисијата дека скоро едногласно тој став се заседе во врска со толкувањето на член 64. Јас таму имав изнесено подруго мислење , бидејќи ако го читаме член 64 од Уставот на Република Македонија во поглед на имунитетот во двата става точно е наведено што потпаѓа под имунитет, притвор и имунитет од водење на кривична постапка.

Во првиот член од Уставот јасно и гласно пишува дека пратеникот, а тоа се однесува и на судиите, не смее да биде кривично гонет и не смее да биде подвргнат на притвор за изнесените зборови или дискусии во парламентот.

Вториот став од истиот член 64, зборува дека пратеникот не смее да биде притворен ако врши кривично дело со тежина помалку од 5 години.

Во вториот стрв како што еминентно се гледа никаде не е спомнато дека не треба да се води кривична постапка против него. Според тоа без разлика што претседателот на Комисијата и членовите на Комисијата беа на разговори во судскиот совет и на друго место се вели дека под имунитет спаѓа и неводењето на кривична постапка. Така не пишува во Уставот. Бидејќи во првиот член има две категории - притвор и водење на;кривична постапка. Во првиот став, во поглед на она што се зборува овде во парламентот значи пратеникот не смее да биде ниту притворан, не смее да биде ни кривично гонет додека во вториот став децидно

пишува дека пратеник кој ќе направи кривично дело со казна помалку од пет години не смее да биде притворан. Никаде не стои дека против него треба да се води кривична постапка. Во тој контекст сметам дека вакво толкување на нашата комисија не е во ред и јас лично би се срамел како пратеник да бидам заштитен на тој начин. Водењето на кривична постапка е работа која што ја водат надлежни органи, додека притворот е работа која што може да направи збрки, бидејќи органите на прогонот и тоа како можат да направат проблеми, јас не се плашам од редовната постапка како пратеник, како и секој граѓанин работата да си ја врши во редовниот дел. Според тоа, сметам дека не би требало да си даваме преголема слобода во толкувањето на уставот, на членот 64, бидејќи таму јасно е кажано во ставот 2 и не остава никаков простор за толкување вакво или онакво.

Сметам дека таа работа не би требало ние, бидејќи мислењето на ова Собрание ќе биде и нашиот критериум на таа Комисија кога ќе разгледуваме одредени предмети. Овие предмети кои сега се на дневен ред на овие Собрание дефакто Комисијата одлучи по овој критериум, земајќи дека во став 2 од член 64 пратеникот е ослободен и од притвор и од кривично гонење чија тежина на казна е помалку од 5 години.

Една друга работа повика, не го слушнав претседателот на Комисијата да изнесе бидејќи беше заклучок на Комисијата каде што во предметите што ни дојдоа да го симнуваме имунитетот или да не го симнуваме имунитетот веќе одредените судии биле притворани а сега постхумно се бара од нас да го симнуваме тој имунитет. Јас сметам дека ова Собрание е должно јавно и гласно да каже и на надлежните органи да им стави една дебела рецка дека го злоупотребиле своето место и функција и соодветните министерства да си преземат по конкретните случаи мерки. Таа работа мене ме плаши, таа е опасна, ова е сега

IV/8.-

депласирано, се бара за судијата Маринчевски, ние да му го симнеме имунитетот а луѓето биле притворани. Мислам дека тоа не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека претседателот Минов направи еден пропуст ненамерен што за имунитет ги посочи пратениците и судиите. Тоа треба да важи и за сите други институции кои што ги избира Собранието и кои што имаат имунитет, Врховниот суд, Уставниот суд, Владата, су дски совет, обвинителство. Мислам дека е направен пропуст затоа што со Уставот сите овие категории на граѓани уживаат имунитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да.

Има збор повторно г-динот Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас се извинувам што по втор пат се јавувам, но иако кажав сега ќе повторам.

Не се работи за тоа да против пратениците и судиите не се водат кривични постапки односно истите да се ослободени од кривично гонење, што значи и кривична одговорност. Тоа го потенцирам туку во Уставот на оваа категорија на функционери, членови на законодавното тело и на судските органи тргнувајќи од значењето, улогата и функциите што ги имаат истите им дава едно заштитно право пред водење на такви постапки и пред преземање на мерки во истите постапки да за тоа одлучи со одобрение з а водење на кривична постапка на предлог на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања надлежниот орган, собранието на Република Македонија.

Јас реков дека Уставот во овие членови, 64 и 100 го регулира имунитетот на пратениците и на судиите. Имунитет по аналогија сигурно

IV/9.-

дека имаат и други функции од извршната власт, претседателот на Републиката итн., но тоа не е регулирано во Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Лазар Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Претседателот на Комисијата си дозволи слобода за една слободна интерпретација на член 64 односно став 2 од член 64.

Овде станува збор за следната работа. Дали во членот 64 став 2 пишува дека пратеникот кој што ќе биде обвинет за кривично дело помалку од пет години против него не може да се води кривична постапка се додека за таа работа не одлучи Собранието, бидејќи имунитетот е работа на Собранието. Интерпретациите во смисла на тоа дек а тоа не значи неводење на кривична постапка не се точни, бидејќи ова Собрание ако оцени дека нема да се води кривична постапка и нема да се води. Тоа значи, за кривични тела чија казна е помалку од пет години ова Собрание може да си дозволи слобода и да го ослободи тој почесен пратеник, така да кажам, а бидејќи до Собранието доаѓаат документи кои што не се со таква тежина и содржина. ниту комисијата и Собранието е таков орган кој што е стручен и належен фактите да ги претресува итн., може да се случи таквиот пратеник да дојде овде и да биде ослободен. Тоа значи, а сите ние знаеме што е тоа кривично дело до пет години. Може да се згази човек итн., сметам дека таа работа не ја пишува во Уставот,а сите наши интерпретации мислам дека нема да донесе добро на оваа работа и сметам дека си1 преземаме работа која што е работа на судовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Белилев.

IV/10.-

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Нормално е овде да изнесуваме свои поединечни мислења и согласност способноста што ја имаме да даваме свое толкување или видување како пратеници на членовите од Уставот каде се регулира опсегот и содржината на Уставот. Единствена разлика;, во Комисијата преовлада ставот овие изнесен од Комисијата со тоа што и јас го застапував тој став. Богатството на тој став е тоа што одредени авторитетни институции и органи, дури одредени личности автори или учесници во работна група на Уставот го поддржуваат мислењето односно ставот дека опсегот и содржината на имунитетот се однесува и на водењето на кривична постапка. Односно имунитетот не може да биде делив, он е целосен. Затоа во став 1 на член 100 и на член 64 се вели"пратениците уживаат имунитет односно судиите уживаат имунитет". Зошто посебно се разработува во другите два става притворот кај пратеници и судии, или слободното изјаснување односно имунитетот во поглед на изјаснувањето на пратениците, што кај колегата Лазо создава забуна.

Посебно се разработува бидејќи и се дава тежина на ова "не", односно притворот е лишување од слобода. Тоа е најисконско или најизоррос или најгарантирано  со Устав право на слобода на граѓанинот. Затоа и во Уставот, во тие ставови посебно се доразработува, за да преку потенцирањето се дава тежина. Лишувањето од слобода е моментално, а водењето на кривична постапка, поведувањето може и во текот на поведувањето на кривична постапка на одреден орган со имунизација, со повикување да може да ..

V/1 СЈ/ПН

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ**:(Продолжение)

Лишувањето од слобода е моментално, а водењето на кривичната постапка по видувањето тоа може во текот на кривичната постапка одреден орган со имунитет, со отповикување, кривичната постапка не значи лишување од слобода, а знаеме се она што значи тоа.

Понатаму, слободното изјаснување на пратениците во Собранието е нешто што најдемократско и нешто што всушност треба да ни даде за право без некој посебно да се плаши од одговорност да можеме слободно да ги изнесуваме своите мислења, застапуваме, па тоа да даде квалитет односно никој од нас да не мисли со одредено свое мислење дека може да има консеквенции во поглед на одредена кривична одговорност. Кога тоа би го немало во Уставот и затоа е посебно разработено бидејќи е значајно тогаш тие не би биле добри репрезенти на волјата, барањата и интересите на граѓаните и тогаш не би дискутирале слободно односно секој од нас на некој начин, некој повеќе или помалку би мислење за тежината на своите зборови односно дека може потоа да има одредени консеквенции и некој орган да поведе постапка односно некој од нас да се најде односно да биде лишен од слобода или да се води постапка. Тоа не е за личност, тоа е за функцијата. Тоа е заштита на функцијата на овие институции, на работењето во Собранието, нормалното и на работењето на судот.

Инаку, она што се однесува лично, лично е правото на повикување на имунитетот, на пример можеби јас не морам да се повикам на имунитетот. Со ова никој не обвинуваме, само даваме за право на оној за кој ќе се води постапка да може пред надлежните органи да докаже дека не е виновен. Всушност, доколку и не

би имало можност да се води постапка, бидејќи луѓето во двата случаи ние предлагаме на Собранието имунитетот за двајца судии да се тргне односно да се даде можност на надлежните институции да ја видат нивната вина и да одлучат. Тоа е воедно и можност за нив бидејќи тие се повикуваат дека не се виновни пред надлежните органи да докажат дека не се виновни. Со тоа онаа сенка за одредена нивна вина во јавноста и она се што е сторено, ќе биде симнато. Ние и да не го симнеме имунитетот кај нив ќе стои во јавноста дека еве тие со самото повикување и неповикување на имунтитеот, тие останале, некој ги заштитува или било што, односно кај нив има вина. Секој има право, јас се повикувам на имунитетот, мислам дека и авторитетот на овие институции што го поддржуваат ова мислење ни дава за право како комисија, а веројатно и право како Собрание да го прифатиме ова. Инаку во Уставот точно е дека има одредени нелогичности и всушност од овде произлегуваат одредени различни размислувања, не е добро дефинирано односно нормиран имунитетот и во член 100 и нормално во член 64.

Можеби од овде како заклучок на Комисијата можеби требаше да произлезе или пак тоа ќе биде иницијатива на некој од нас пратениците или надлежен орган и со посебен закон а се уреди ова прашање за да нема одредени различни размислувања и поквалитетно да се дефинира и изработи опсегот и содржината на имунитетот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали не се разбираме, или сме оптоварени со она самите овде, во Уставот стои за јавниот обвинител дека има имунитет и за неговиот

имунитет одлучува Собранието. За членовите на Републичкиот судски совет стои дека уживаат имунитет и одлучуваме ние како Собрание. За членовите на Владата имаат имунитет, меѓутоа, за нивниот имунитет одлучува Владата, за претседателот на државата има имунитет, за него одлучува Уставниот суд на државата.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници без малку, да не е г-динот Стојановски што изнесе свое мислење, не запозна со тоа што пишува во Уставот и по оваа точка ќе излезе дека ние членовите на Комисијата се расправаме исто како тоа го правевме на седница на матичната комисија, така што, бидејќи се изнесени едни други размислувања и јас ценам за потребно да го кажам своето мислење по однос на имунитетот и ќе повторам дека како што расправавме и во Комисијата, сега мислам дека одлуката на оваа Комисија дека некој не треба да се гони по однос на обвинението кое што е покренато против него не значи во никој случај дека тој се ослободува, туку тоа може само да значи дека до одреден период, додека ја врши функцијата цени одредено тело дека тој не би требало да се лиши од слобода односно да не се подвргне на судење со што се зачувува и угледот и авторитетот и значењето на таа функција за вршењето на работите во државата а од друга страна сигурно дека ова Собрание како и Комисијата при одредени кривични дела цени каква е тежината на тие кривични дела и по однос на нив се изјасни. Вие имате можност да видите дека за 4 различни кривични дела Комисијата има два различни става. За две се произнесува дека не треба да им се симне имунитетот додека за две

други им се симнува имунитетот и дозволува да тече постапката. Со тоа сакам да кажам дека Собранието зависно од тоа каква е тежината на прекршоците зазема и ставови мислам Комисијата односно Собранието ќе треба да заземе ставови за натамошната постапка во Судот.

Додека за тоа дека во Уставот изричито е запишана одредба дека пратеникот за изнесени мислења и ставови не одговара токму така и треба да стои, затоа што за изнесени мислења и ставови дури и ова Собрание не може да одлучи да го подвргне под кривично дело пратеникот. Додека за сите други работи пратеникот може да одговара иако ужива имунитет, откако ќе му се симне имунитетот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека ние расправаме по точката 9, барање на Општинскиот суд и во врска со тоа точка 10, 11 и 12 на барање од другите судови за симнување или несимнување имунитет на конкретни барања и ваквиот заклучок што го предлага Комисијата мандатно-имунитетна на Собранието на РМ не навлегувајќи во релевантноста материјална на заклучокот при дискусиите што мислам дека добар дел држат бидејќи немаме доволно изградено нормативa за разработка на имунитетот како уставно право во законите и подзаконските акти мислам пред се да деловниците, ние излегуваме надвор од ингеренциите што ги има Мандатно -имунитетната комисија што предлага овде ваков заклучок. Ова прашање веројатно ќе треба да се регулира како што нагласи некој пратеник понатаму низ

нормативa која исто така ова Собрание ќе треба да ја носи во посебните закони. Лично сметам дека депласирана е секаква дискусија по ова прашање затоа што ние имаме конкретни барања по кои конкретно требало Мандатно - имунитетната комисија да изгради свои предлози како што веќе имаат изградено и за кои ова Собрание по овие точки на дневниот ред денес треба да расправа.

Претходново прашање кое се јавило како прејудициелно со одлуката ние што ја имаме донесено на Собранието за надлежностите на Мандатно - имунитетната комисија мислам дека Мандатно – имунитетната комисија ги пречекорила своите овластувања да предлага таков заклучок. Мислам дека ова Собрание ќе се доведе во ситуација претходно да расправа по материја која треба на еден стамен начин да биде расправена во една друга поинаква процедура кога ќе дојде редот. Кога ќе и дојде ред за Законот за пратеници, кога ќе го носиме, кога ќе и дојде ред за Законот за Влада, за министрите, и кога ќе и дојде редот за законот за судовите, за судиите кога треба да расправаме овде, каде би се разработил имунитетот во делот каде Уставот начелно го поставува тоа право.

Мое лично мислење е дека ќе биде голема грешка ако Собранието се упушти да се изјаснува по ова прашање на начин на кој е предложено. Лично сметам дека треба да поминеме на расправа и на изјаснување по точките по конкретните барања на надлежните органи што се обратиле до ова Собрание преку работното тело на Комисијата Мандатно - имунитетна по овие барања кои ги имаме пред нас.

Благодарам.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас лично сметам дека Комисијата за Мандатно-имунитетни прашања и Деловник во услови кога со посебните закони и затоа не е регулирано ова прашање добро постапила и мислам дека прво треба да се изјасниме по она што Комисијата го предлага како заклучок, од причини што не би можеле да постапиме така како што рече г-динот Стојановски заради тоа што мислам дека оваа работа е малку задоцнета.

Кривичната постапка во сите 4 случаи веројатно отпочнала одредени биле и притвори и истражниот судија има преземано дејствија со испитувања и слично и после толку време некој сака да има покритие за сите дејствија што ги преземал во водењето на кривичната постапка. Јас лично сум во заблуда, но и не знам како да се определам во овој момент заради тоа што кривична постапка е отпочната во сите 4 случаи, а се бара покритие односно се бара одобрение за водење на кривична постапка, односно за симнување на имунитетот, а таксативно е наведено во Уставот дека доколку лицето се повика на имунитет треба надлежниот орган да бара симнување на имунитетот од Собранието и потоа да одреди притвор односно да поведе кривична постапка. Во конкретниот случај односно во сите случаи кога станува збор за имунитетот како уставна категорија треба да станува збор за целосен имунитет. Имунитетот е воведен како институт заради тоа што може да дојде до злоупотребана овластувањата на надлежните органи кои го одредуваат притворот, спроведуваат кривична постапка и слично и тогаш кој како ќе му текне од нив може да притвори или пратеник или судија и така

натаму, и да води постапка и во една година да му текне да побара од Собранието како надлежен орган да симне имунитет заради водење на кривична постапка.

Јас би го замолил претседателот на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања и Деловник да ми објасни дали против овие лица е отпочната кривична постапка порано, што е направено, за да може да знаеме ние што да правиме овде. Не може сега после една година или година и пол да бара некој покритие. Сакам тоа прашање да се расчисти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа нека се расчистува кога ќе го земете во предвид, кога ќе гласате за поединечните случаи, кога ќе ви биде потребно да се одлучите.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Овде ние како Комисија бевме критикувани дека сме си зела за право да донесеме некој заклучок врз база на кој ќе ги решаваме овие случаи. Мислам дека од расправата добро се разбра дека има дилеми во толкувањето на член 64 од Уставот, а дилемата се состои во следното: во првиот став се кажува дека за она што го зборува пратеникот во Парламент ниту смее да биде притворен ниту смее да биде кривично гонет.

Во вториот став од истиот член се кажува дека пратеникот не смее да биде затворен за дел од чија казна е помала од 5 години. Никаде не пишува дека не смее против него да се води кривична постапка. Овој заклучок што испадна во Комисијата тој е заклучок, и барем е

принципиелна Комисијата, тој е заклучок врз база на кој што сите натамошни предмети така ќе ги гледаме и ќе ги предлагаме овде. Јас сметам дека претседателот на Комисијата ова го изнесе за да го запознае Собранието од каде тргнала таа Комисија и како ќе ги разгледува сите тие случаи.

Овде преовлада дискусијата на Стојановски дека таа работа ќе се види тогаш кога ќе се донесе закон. Нема што да донесуваме закони кој што ќе го менуваат Уставот. Прашањето е следното, јас не знам како може да се доврши оваа работа. Прашањето од Комисијата е следното: вториот став од член 64 од Уставот дали тој имунитет значи, а не пишува никаде, вели не смее да биде затворан, а не пишува дека смее да биде кривично гонет. Е, сега, ние во Комисијата мислиме вака, Собранието е тоа кое што треба да одлучи на крајот на краиштата и да ја заврши таа работа, а тоа што го предлага Стојановски, со законот за пратеници и така натаму, таа е друга работа каде што ќе се детализираат другите работи додека сигурно тоа нема да го променат тие закони овој член Уставот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ниту толку сум правно неписмен за да предлагам дека со законите може да се регулираат односи кои би ги укинале уставните одредби. Јас бев сосема јасен дека ова Собрание со заклучоци не смее да го толкува Уставот. Мислам тоа е поентата на она што јас сакав да го кажам. Заклучокот како што е предложен во оваа смисла од Мандатно-имунитетната комисија за деловнички прашања како прејудициелно прашање каде што и самите членови на Мандатно - имунитетната

комисија викаат дека има некои нејаснотии во одредбата па сега се бара од Собранието со толкување со некаков заклучок некако да го надмине, за недозволива работа. Што би станало кога би почнале сите членови од еден до последен во Уставот со заклучоци овде да ги решаваме како прејудициелни прашања. Ние ќе донесеме конкретни одлуки по барањата кои може единствено надлежниот Уставен суд да ги проценува дали сме ги донесле согласно Уставот и законите или не сме ги донесле. Инаку, во форма на заклучок како претходна релаксација за нашата совест да гласаме овде вака или онака треба да биде недозволива пракса на ова Собрание.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Со претходна релаксација за нашата совест да гласаме треба да биде недозволива пракса на ова Собрание. Јас само се обидувам да укажам да ја избегнеме замката во која можеме да влеземе во која се нуди да влезе ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Врз основа на предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања содржан во Извештајот , на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на РМ како надлежен орган по прашањето на имунитетот на пратениците и судиите одлучува за одобрение на притворот за отпочнување на текот на целата кривична постапка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (28 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Ве молам да видиме во која правна ситуација ќе се најдеме.

Отворам претрес по барањето на Општинскиот суд Скопје II- Скопје за давање одобрение за водење на кривична постапка против Ристо Маринчевски, судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Барањето на Општинскиот суд Скопје II - Скопје и Извештајот на Комисијата за деловнички и имунитетно-мандатни прашања ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Не се поставувам во улога на толкувач на Уставот, меѓутоа, сметам дека е после гласањето е сосема декласирано ние да расправаме по поединечни случаеви, бидејќи доколку постои различно толкување на член 64, кој што за мене е дискутабилен посебно ставот 1 бидејќи и член 16 зборува дека и обичниот граѓанин има слобода на мисла и слобода на изразување, према тоа и тој не може да се затвора под тој основ, па посебно оние два наредни става, јас мислам дека сега ќе се најдеме во многу непријатна ситуација ние да расправаме за поединечни случаеви и за нив да гласаме дали за нив ќе се води постапка за кривична одговорност или не. Во најмала рака е потребно сите овие четири случаи по можност да не расправаме на денешната расправа за да овозможиме толкувањето на овој член да биде на права адреса. Не сакаме да се поставиме во улога на толкувачи на Уставот, после тој непоминат заклучок предложен од Комисијата за имунитетно-мандатни прашања, сега да расправаме по поединечни случаи, тоа сметам дека е сосема декласирано, според тоа било како да одлучи Собранието јас се исклучувам од гласањето по поединечните случаи.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Целта со која се водеше Комисијата со својот предлог и постапноста за претходно Собранието да се изјасни, бидејќи навистина во услови на една недефинираност што е тоа имунитет на судиите и на пратениците, единствено надлежен орган е Собранието да одлучува по тоа и како што по предложениот заклучок се произнесе Собранието,

сметам дека по оваа точен ред барање на Општинскиот суд II и другите наредби другите надлежни судови за барање на одобрение за водење на кривична постапка, нема услови Собранието да одлучува по конкретните случаи за одобрение за водење на кривична постапка. Заради тоа што овие барања се однесуваат за одобрение на водење на кривична постапка, не се работи за мерките притвор како што беше тука од некој дискутанти кажано. Бидејќи за водење на кривична постапка Собранието се изјасни дека не е надлежно, треба да се изврши симнување на овие точки од дневен ред со тоа што ќе се известат надлежните судови дека Собранието нема услови да одлучува по прашањето за водење на кривична постапка.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас жалам што претседателот на мандатно - имунитетната комисија на ваков начин, јас мислам дека сепак тоа е негов личен предлог, дека не е предлог на Комисијата до ова Собрание и до Комисијата се дојдени конкретни барања за разгледување за кои Собранието треба на конкретен начин да одлучи, каде што има материјално релевантни факти доставени со барањата врз основа на кои пратениците треба да дигнат рака или не треба да дигнат рака за симнување, или несимнување на имунитетот. Не постојат никакви причини апсолутно ова Собрание поединечно да не се изјасни и да донесе одлука. И тоа во услови кога тие одлуки би подлежеле евентуално на незадоволните лица на оценка на Уставниот суд, затоа што заклучокот не може да подлежи на оценка на Уставниот суд. Ние сакавме да премавнеме една ситуација претходно

на хермавродитски начин да им дадеме сила со заклучокот што не бараше ова Собрание и мислам дека тоа правилно го разбравме Но, нужно треба поединечно да се изјасниме, затоа што за секое конкретно барање имаме материјално релевантни факти доставени до Собранието и доставени до пратениците. И во зависност од совеста на пратениците треба да дигнат рака за симнување или несимнување на имунитетот. Мислам дека поинаква ситуација би не довела во смешна позиција како Собрание.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, јас мислам дека непотребно влеговме во една расправа за која можеби не бевме сите подготвени, а и самата Комисија не е начисто со тоа. Комисијата ќе направеше добро надвор од овие прашања да изготвеше едно свое видување за самиот феномен - имунитет. За евентуалните решенија за тоа што постојат во светот за содржините што ги содржи тој во правната теорија и практика за тоа и тогаш во Собранието да се бараше отворена расправа. Сега по повод конкретните барања и отворање на ова прашање, мислам дека не е несоодветно на она што е улога. Ние досега сме сфаќале и сме решавале интегрално за таа категорија. Не можеме сега на пола пат без да отвориме опстојна расправа, со опстојни аргументи и материјали сега ние напречец по повод овие четири случаи поинаку да решаваме. Мислам дека треба да си одиме по редот на дневниот ред, како што си е нагласено. Комисијата по поедини случаеви ако има сознание за какво решение се заложил и се определило, молам да не информира, бидејќи тоа ќе биде плус за тоа и немаме никаква правна дилема овде во овој момент зошто не е прифатен овој заклучок, ниту е прекината потребата на ова Собрание по повод тоа прашање Комисијата да не изготви посебен материјал ние по тоа да се изјасниме.

Молам да продолжиме со работа.

VI/5.-

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господа пратеници, сметам дека со сегашната дискусија на некој начин разговаравме дали ова Собрание ќе ја преземе компетентноста да одлучува околу имунитетот за водење на кривична постапка. Со самото тоа што ние не го поддржавме Предлог- заклучокот ова Собрание да одлучува, излегува дека е беспредметно ние да разговараме по поединечните случаи.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Изгледа дека јас уште не се јавив од мандатно - имунитетната комисија, па и јас да кажам некој збор иако не сум правник, меѓутоа, гласав за ставот на Комисијата и сакам да кажам зошто гласав за ставот на Комисијата. Бидејќи мислам дека дали ќе го почитувате воопшто ставот на Комисијата е едно и мислам дека не треба да смета во работата натаму на Собранието, меѓутоа, мислам дека Комисијата направи доста напори материјата комплетно ја осознае, ги праша сите правни институции во Републиката и на база на тоа донесе некој свој став. Јас за ставот бев исто од едноставна причина бидејќи државата има своја власт. За да си ја заштити власта една држава да може да работи таа мора да си ја штити на некој начин власта и судската власт и законодавната власт и извршната власт. Затоа веројатно е измислен имунитетот секаде и за тоа треба да се има имунитет и кога ќе дојде таков случај тој може да биде одземен и да се води повторно кривична постапка и редот што е кај судиите. Затоа јас мислам према мене треба да продолжи работата на седницата иако не е почитувана одлуката сепак ќе видите дека во текот на расправата по поедините случаеви

веројатно ќе бидете за одлуките што ги донесе Мандатно - имунитетната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Јас морам да ве потсетам на текстот на заклучокот што не е прифатен.

Собранието на РМ како надлежен орган по прашањето на имунитетот за пратениците и судиите одлучува за одобрение за притворот и за отпочнувањето на целата кривична постапка. Тој заклучок како став на Собранието да одлучува по тие две работи не е усвоен. Ние сега не можеме да одлучуваме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Морам директно да се обратам легитимно право е на Собранието да се одлучи по конкретното барање, затоа што е уставно воспоставено тоа право. Конкретно за судиите е уставно право воспоставено во членовите. Никаков заклучок што не е усвоен овде или е усвоен. Тоа практично не не спутава нас да одлучиме легитимно по конкретните барања поединечни. И мислам дека тоа прашање е сосема јасно и не треба да се прават никакви заврзлами.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заврзламите сигурно се направени штом ова прашање се влече во два мандата. И три-четири пати доаѓа овде.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Не знам дали бев доволно јасен, користам деловничко право и барам претседателот на Собранието да го постави предлогот мојот и предлогот од претседателот на Комисијата да не се расправа по овие точки на дневен ред. Такво деловничко право имам и доколку ба

гласањето не помине, тогаш веројатно ќе се оди по друг пат. Мислам дека бев доволно јасен, инаку предлогот ми стои на тоа да немам грижа на совест во услови на недореченост на Уставот, јас да одлучувам некој да оди или не оди на кривична одговорност, не сакам да има таква грижа на совест, предлогот барам да се стави на гласање ако не се усвои тогаш ќе продолжиме по другиот пат.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина гледам дека сосема Институтот имунитет е нејасен за нас пратениците а и од онаа со членовите на Комисијата сега го изнесуваат овде на оваа седница на Парламентот, излегува дека навистина тие заклучокот што го предложиле, мислел дека не им било јасно што предлагаат. Оваа материја изгледа и од претходниот Парламент е расправана и тоа прашање не е разрешено, бидејќи се работи изгледа за сложено прашање. Мене ми е јасно што значи во правната наука имунитет и која е таа заштита на пратениците, или на одредени други категории во институциите на државата, па на основа на тоа предлагам овој Парламент да не носи погрешни одлуки, овие сега поради неусвојување на заклучокот на Комисијата да се одложат, како што претходниот пратеник предложи, да се одложат овие точки, а да се побара од Правниот факултет, од нашите професори, бидејќи јас сум правник кој сум завршил таму, да ми дадат правно толкување комплетно што значи имунитет за да знаеме понатаму како треба да се однесуваме. Бидејќи очигледно не се знае што значи поведување на постапка што значи кривична одговорност, што значи водење на постапка, што значи притвор, што значи затечување на било кое лице во вршење ако има имунитет при само извршување на кривично дело, сите тие работи да не ги повторувам итн. јас да не ги разјаснувам, стручна институција да ни

даде толкување, да ни го растолкува Институтот имунитет, бидејќи не е добро дефиниран и во самиот Устав, колку што јас можев да го видам.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Деловнички како претседател на Комисијата за деловнички и мандатно -имунитетни прашања барам пауза од 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да ви укажам нешто. Бидејќи поднесоците за ова да се разгледува и да се стави на дневен ред се од судовите, а Собранието ги ставило на дневен ред, не можеме сега накнадно да одлучуваме да ги на овој или на оној начин постапуваме, освен јас можам да побарам од вас да ја прекинеме расправата по овие прашања- сега може да се продолжи во Комисијата, тие ќе останат на дневниот ред можеме во прва следна прилика да продолжиме по нив, а ние да ја довршиме седницата по другите прашања.

Дали се согласувате? (се согласуваме)

VII/1.- СП-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на **13-тата точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања - Скопје, за именување индивидуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на **14-тата точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на работната организација Земјоделски институт - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Немам некои сериозни забелешки по однос на предлогот д-р Дијаманди Корнети да биде директор на Институтот, само обрнувам

внимание дека не само сега, туку и во други случаеви избираме лица кои се на прагот на пензионирањето. Господинот или госпоѓата има 64 години по силата на законот уште една година ќе може да биде директор и ќе треба да се пензионира. Овој случај не е единствениот и мислам дека ова Собрание или треба да пристапи кон измена на законите и да води сметка за овие работи да не ни се повторуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?(63)

Дали иам некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на работната организација Земјоделски институт - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот.

Преминуваме на **15-тата точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување на претставници на Републиката во Издавачкиот совет на Новинско издавачката работна организација Службен весник на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Пред да констатирам молам, да видиме дали имаме доволно пратеници во салата за да можеме да одлучуваме.

Имаме 56 пратеници во салата, молам да ги повикаме пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме да одлучиме.

Ве молам повикајте уште пратеници да можеме да одлучуваме (59 пратеника).

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата (62).

Ќе мораме гласањето да го обавиме во состав во кој можеме да одлучуваме.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Издавачкиот совет на Новинско издавачката организација Службен весник на Република Македонија.

Преминуваме на **16-тата точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Музеј на Македонија Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Преминуваме на **17-тата точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Рударско - геолошкиот факултет во Штип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Рударско геолошкиот факултет во Штип.

Преминуваме на **18-тата точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Преминуваме на **19-та точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола.

Преминуваме на **20-тата точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Филолошкиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Филолошкиот факултет во Скопје.

Преминуваме на **21-та точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Преминуваме на **22-та точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, предлогот на Одлуката, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување директор на Педагошката академија во Битола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **23-та точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Минуваме на **24-та точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Минуваме на **<u>25-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Природно - математичкиот факултет во Скопје.</u>

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Природно - математичкиот факултет во Скопје.

Минуваме на **<u>26-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.</u>

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Минуваме на **27-та точка** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп.

Предлогот на одлуката и новиот текст на Предлогот на одлуката ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп.

Минуваме на **28-та точка** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален ра- ботоводен орган на Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го- заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје.

Минуваме на **<u>29-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Новинско - издавачката работна организација Службен весник на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Новинско - издавачката работна организација Службен весник на Република Македонија.

Минуваме на **<u>30-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

Минуваме на **31-та точка** - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **32-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци.

Минуваме на **33-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар Кичево.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар Кичево.

Минуваме на **34-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за превенција,лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност ан Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

Минуваме на **35-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита Кочани.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

VIII/8.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита Кочани.

Со ова ние ја прекинуваме седницата, а кога ќе добиеме поповолни околности ќе продолжиме по оние точки кои ги одложивме.

(Седницата прекина со работа во 14,10 часот)